АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 02-21/5
04.01.2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 9 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 150/21, 227/22 и 284/23) Комисијата на Агенцијата за пошти, на состанокот одржан на 04.01.2024 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за избор на директор на Агенцијата за пошти

I. За директор на Агенцијата за пошти Скопје, со мандат од 5 години, се избира: Сретен Миладиноски од Скопје.

II. Со избраниот директор Агенцијата за пошти ќе склучи договор за вработување на определено време од пет години со полно работно време.

III. Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување, а ќе се применува сметано од 16.01.2024 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на Одлука за распишување на јавен оглас за избор на директор донесена од страна на Комисијата бр. 02-255/4 од 04.12.2023 година, на ден 06.12.2023 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ беше објавен оглас за избор на директор на Агенцијата за пошти.

Комисијата ги разгледа пристигнатите пријави за што е составен записник и утврди дека од пријавените кандидати, кандидатот Сретен Миладиноски со VII/1 степен на образование, доктор на економски науки, со ЕМБГ [redacted], во целост ги исполнува условите наведени во огласот. Кандидатот е државјанин на Република Северна Македонија, со работно искуство над 17 години.

Од напред наведените причини, Комисијата на Агенцијата за пошти, едногласно донесе одлука како во диспозитивот, а во согласност со член 18 од Законот за поштенските услуги.

Бр. 02-21/5
04.01.2024 година
Скопје

Агенција за пошти
Комисија,
Борче Груевски, претседател